РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 16 03 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 206/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-86/7

11.12. 2020 год.-viti

Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 9 седница одржана на 30.11.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Бизнис логистика", од прв циклус академски студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Бизнис логистика", од прв циклус академски студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран менаџер по бизнис логистика /во меѓународен промет академски назив: Graduated manager of business logistics, Baccalaures, VI A (NQF), (NQF VI A)

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: Организациони науки и управување (менаџмент);
Научно – истражувачка област: 50610 - Логистика.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 130 редовни студенти, 25 редовни со кофинансирање и 35 вонредни.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 0201 - 306/73 од 20.05.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студенската програма „Бизнис логистика" од прв циклус академски студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип,

до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 86/1 од 10.07.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 6-та седницата одржана на 26.08.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 86/5 од 09.12.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 9-та седница одржана на 30.11.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски